РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 16-22/2
30.03.2015 год.
СКОПЈЕ

Примено 27-07-2015

| Орг ед | Број | Прилог | Вред |
| --- | --- | --- | --- |
| 03 | 419/2 | | |

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14), Одборот за акредитација и евалуација на високото образобание на Република Македонија, на својата 39. седница одржана на 30.03.2015 година, донесе

Архивски знак 0302
Рок на чување трајно
27-07-2015 год. Потпис

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиска програма „Современи композити и роботика", втор циклус едногодишни студии на Институт за современи композити и роботика во Прилеп**

1. Се акредитира студиска програма **„Современи композити и роботика", втор циклус едногодишни студии на Институт за современи композити и роботика во Прилеп** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од една години (два семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС и со звање: **Магистер на технички науки од областа на композитни материјали,** Научно - истражувачко подрачје: Техничко - технолошки науки, научно - истражувачко поле: Машинство, Материјали, Текстилно инженерство, хемиско инженерство, научно - истражувачка област: Области од полињата на Машинство, Материјали, Текстилно инженерство, хемиско инженерство.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на донесената одлука од Научниот совет на Институт за современи композити и роботика во Прилеп и одлуката од Универзитетски сенат на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје за организирање втор циклус едногодишна студиска програма „Современи композити и роботика“, на на 05.03.2015 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото обвразование во РМ, на својата 38 седница одржана на 12.03.2015 година, формира експертска комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија, на својата 39. седница одржана на 30.03.2015 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Миколај Кузиновски